*Проект:* ***INTERVET WB***
*Референтен број на проектот:* ***EAC-2019-0571***
*Код на повик:* ***INTERVET STAFF_North Macedonia 2/20201***

**Повик за учесници за пракса во странство**

UNISER, апликантот и координатор на проектот Intervet WB, заедно со Националниот центар за развој на иновации и претприемачко учење, нудат можност за стажирање во друга ЕУ земја со цел:

- **Можност** за наставници и вработени во секторот стручно образование и обука да разменуваат практики и информации за нивниот систем за стручно образование и обука, со што ќе се подобри меѓусебното знаење меѓу европските и земјите за проширување.
- **Здобивање** со поголемо знаење за интеграција на размена во наставната програма и применетите методологии за учење засновано на работа, но и други аспекти на интерес, како што е употребата на технологија во наставата, претприемачкото образование, како и трансверзалните аспекти, како што е раководната организација на училиштата.
- **Олеснување** на процесот на планирање на следните проекти во рамките на новата европска програма 2021-2027.

Овој повик предвидува **3** грантови за мобилност во странство на една недела организирана во периодот од 14/11/2021 до 20/11/2021, со можност за промени потребни од организациски причини.

*Благодарение на достапноста на проектот, бројот на грантови за мобилност може да се зголеми. Во овој случај, критериумите за селекција ќе ги следат оние наведени во чл.5*

**Краен рок за поднесување на апликации:**
**17/05/2021**
**12:00 часот**

## Чл.1 – ФОРМАЛНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ

За наставник/административен персонал/раководител да се квалификува треба да ги исполнува следниве критериуми на крајниот рок:

- Има договор за вработување што ја потврдува улогата на наставник/административен персонал/раководителот на сила на датумите предвидени за мобилност во странство;
- Ја извршува својата работа во стручно училиште/организација, меѓу оние наведени во член 14.
- Да се државјани кои се жители на Република Северна Македонија, или државјани на земји членки на ЕУ кои легално живеат во Република Северна Македонија; или државјани на земји надвор од Европа кои легално живеат во Република Северна Македонија
- Познавање на добро ниво на работниот јазик на земјата домаќин или на англиски како замена. Не е неопходно да се обезбедат какви било сертификати како доказ за јазични вештини, бидејќи тие ќе бидат проценети за време на процесот на аплицирање предвиден во постапката за избор;
- Не учествувале досега во размена во рамките на истиот европски проект;
- Да поседуваат валидни документи потребни за патување во странство: пасош и останати документи потребни за секоја различна земја

## Чл.2 - ПРОЦЕС НА АПЛИЦИРАЊЕ И РОКОВИ

Апликациите мора да се доставaт **онлајн** со пополнување на Google формулар на следниот линк. **Крајниот рок за поднесување на апликацијата е 17/05/2021 во 12:00 часот.**

**Апликациите примени по крајниот рок нема да бидат прифатени, независно од пречки во функционирање на веб-страницата.** Затоа препорачуваме да не чекате до последниот ден да ја поднесете вашата апликација, така што ќе избегнете какви било проблеми поврзани со преоптоварувањето на системот.

**Информации за пополнување на онлајн апликацискиот формулар:**

А: *Код на повик:* ***INTERVET STAFF_North Macedonia 2/2021***
Б: Проектен круг: Круг 2
В: Приложените датотеки не можат да бидат поголеми од 10 МБ засебно
Г: Приложените датотеки мора да бидат именувани како што е наведено во онлајн формуларот
Д: Бидејќи не можете да го зачувате формуларот додека го пополнувате, се препорачува да подготвите нацрт во документ локално и потоа да ги копирате одговорите во онлајн формуларот
Ѓ: По поднесувањето, апликацијата не може да се смени
Е: Ќе добиете е-пошта на вашата адреса на Gmail што потврдува дека вашата апликација е примена (ве молиме, доколку не ја примите, проверете ја папката за спам). Во случај доколку не ви стигне известувањето, ве молиме контактирајте не на info@ncdiel.mk за да потврдите дека вашата апликација е доставена.

## Чл. 3 - ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**ВНИМАНИЕ:** За да го пополните апликацискиот формулар потребно е да имате маил адреса на Gmail. Доколку веќе поседувате ве молиме најавете се тука, а доколку немате ве молиме креирајте тука.

**Документацијата потребна за учество во проектот е следна:**

1. Апликациски формулар: да се пополни на онлајн, линкот е достапен на веб-страницата https://intervetwb.net/ во делот (https://intervetwb.net/calls-republic-of-north-macedonia/ ). Повеќето од прашањата во апликацискиот формулар се задолжителни. Сите мора да бидат пополнети на англиски јазик и сеопфатен начин. По пополнувањето на апликацискиот формулар, ќе добиете потврда по е-пошта.

2. **Копија на валиден документ за лична идентификација** (ВИЗА, пасош или дозвола за престој: во зависност од земјата) насловен како што следува: „Презиме_Име_ID“ (во PDF, максимум 10 МБ)

## Чл.4 - ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ И НЕПОГОДНИ КРИТЕРУМИ

UNISER и НЦРИПУ го задржува правото да побара дополнителни информации, појаснувања и / или други придружни документи на кандидатот.

Барањата за дополнителни информации ќе бидат направени само преку е-пошта до адресата наведена во формуларот за апликација. Доколку кандидатот не одговори во рок од 2 работни дена по барањето за дополнителни информации, неговата / нејзината апликација автоматски се одбива.

UNISER и НЦРИПУ нема да бидат одговорни за какви било одложувања или неуспеси при примање на апликацијата заради грешки во процедурите за онлајн поднесување или други причини што не зависат од конзорциумот и/или партнерите од ЕУ.

Апликациите што **не ги исполнуваат следниве услови автоматски ќе бидат одбиени:**

- Недостаток на потребната документација или дел од истата;
- Недостаток на дигитална документација или дел од истата во определениот рок;
- Недостаток на еден или повеќе формални услови за квалификуваност за учество во проектот (чл.1);
- Недостаток на согласност за обработка на лични податоци во онлајн форма

UNISER и НЦРИПУ го задржуваат правото да извршат соодветни проверки, вклучително и проверки на лице место, за изјавите и доставените документи. Имајте предвид дека лажните документи или лажните изјави ќе доведат до правно дејство доколку е потребно и ќе бидат соодветно пријавени согласност националните закони.

## Чл. 5 - ПРАВИЛА И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Изборот на кандидати ќе се одвива на следниов начин: кандидатите кои ги исполнуваат формалните услови (чл.1) мораат да ја доставаат својата апликација онлајн преку Апликацискиот формулар достапен на веб-страницата www.intervetwb.net, заедно со сите потребни документи (чл. 3 ) во рокот на повикот (чл.2).

Секој кандидат ќе добие оценка (од 0 до 50 поени) што зависи од одговорите дадени во апликацискиот формулар.

Критериумите за избор ќе бидат различни:

- Квалификација или диплома (0 до 10 поени);

- Улога во организацијата: ова ќе биде оценка на професионалната улога во организацијата, приоритет ќе им се даде на лицата кои можат внатрешно да ги размножуваат резултатите од работното место пренесувајќи на поширок број колеги (0 до 15 поени);

- јазични вештини (0 до 10 поени);

- Професионална мотивација во однос на областите за подобрување на Европскиот план за развој на нивните училишта (0 до 15 поени).

ВКУПНО: 50 поени

Секој апликант се класифицира на следниов начин:

1. **СООДВЕТЕН**

Сите апликанти со оценка поголема од или еднаква на 25 од 50 ќе бидат соодветни.

2. **ПОБЕДНИК**

Апликантите со највисоки оценки ќе бидат победници (со исклучок на апликантите оценети како НЕ СООДВЕТНИ)

Во случај на еднаков резултат, приоритет ќе имаат кандидатите кои претходно не учествувале во какво било слично искуство. Доколку ова сè уште доведе до еднакви оценки, приоритет ќе се даде на најстариот апликант.

3. **СООДВЕТЕН, НЕ-ПОБЕДНИК**

Секој кандидат со оценка поголема од или еднаква на 25 од 50 ќе испадне соодветен, но не и победник (резерва), т.е. тој / таа нема да добие грант, како што е утврдено во чл. 5.2 од овој повик за учесници. Доколку некој од

кандидатите победници се откаже, тој / таа ќе го замени лицето и ќе добие грант (види чл.6).

4. **НЕСООДВЕТЕН**

Секој апликант кој се стекнал со оценка помала од 25 ќе се смета дека не одговара.

## Чл. 6 – ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИ

Резултатите од изборот ќе бидат објавени на www.ntervetwb.net. Резултатите ќе содржат список на соодветни апликанти (победници и резерви) и список на апликанти кои се покажале како не соодветни.

Победниците имаат 7 работни дена да го прифатат грантот за пракса во странство.

Во случај некој од добитниците да се откаже и / или не прифати грант, списокот со резерви ќе се користи за избор на следниот апликант; според резервниот список, ќе се додели на апликантот со највисок резултат (со исклучок на апликантите кои испаднале како НЕСООДВЕТЕНИ).

Доколку сите пријавени апликанти се покажат дека или се победници или не се соодветни, а сè уште има грантови, Унисер и НЦРИПУ го задржуваат правото да го оценат барателот/ите со највисок резултат, од оние кои добиле резултат понизок од 25, кој/и бил/е не соодветни за изборот.

*ЗАБЕЛЕШКА: Целосната комуникација поврзана со изборот ќе биде достапна на www.intervetwb.net/. Координаторот отфрла била каква одговорност во случај кога кандидатите не ги провериле резултатите или не одговориле во случај на селекција.*

## Чл. 7 – ТРОШОЦИ ПОКРИЕНИ ОД ПРОЕКТОТ

Европската програма која го финансира овој проект ги покрива следниве трошоци:
• Сместување и дневни трошоци за време на 7 дена  странство;
• Повратно патување во земјата каде се одвива практиканството;
• Интеркултурна и педагошка подготовка пред заминувањето во странство;
• Здравствено осигурување, одговорност од трети лица и работни повреди во тек на 7 дена;
• Организација на програмата за мобилност;
• Туторство во времетраење на проектот и поддршка во сите административни процедури и логистички аранжмани за време на престојот во странство.
• Најмалку 1 културна посета

Трошоците за проектот ќе бидат доделени во согласност со границите и условите содржани во проектот EAC-2019-0571. Апликантот има целосна можност да го одреди износот за проектните активности со горенаведените ограничувања и услови.

UNISER е организацијата целосно одговорна за организација и следење на сите фази на проектот. Ќе го координира локалното и транснационалното партнерство со цел да се постигнат целите на проектот.
Uniser и НЦРИПУ се исто така надлежни за финансиско управување, што вклучува плаќање на организациите во странство за сместување и директно купување на патнички билети за учесниците.

*Проектот не предвидува директни плаќања на учесниците, координаторот е одговорен за сите трошоци поврзани со спроведувањето на активностите.*

## Чл. 8 – ОБУКА ПРЕД ТРГНУВАЊЕ

Избраните кандидати мора да учествуваат на обука пред заминување што ќе се организира по изборот и пред да започнете со мобилност во странство. Подготовката ќе се одржи пред поаѓање за време на која ќе се обезбедат практични индикации од аспект на содржина и логистика.

**Активно учество во подготвителните активности е задолжително.**

## Чл. 9 – ИЗВРШУВАЊЕ НА МОБИЛНОСТА

Мобилноста во странство ќе се одвива помеѓу 14/11/2021 и 20/11/2021. Избраниот кандидат треба да е флексибилен и ќе мора да се согласи да учествува во мобилност во странство за периодот наведен погоре и за целото времетраење од 7 дена (5 дена + 2 дена патување). Невозможноста на кандидатот да се придржува до времето на мобилност во странство може да доведе до губење на можноста за учество.

Мобилноста постојано ќе се следи од персоналот на проектот, со цел откривање на евентуални проблеми пријавени од партнери или учесници.

Се бара целосна соработка на учесниците со проектниот персонал, ова вклучува брзи одговори кога се бараат информации или за која било друга информација и документ поврзан со спроведувањето на активностите.

## Чл. 10 ВРЕМЕНСКА РАМКА НА ПРОЕКТОТ

| АКТИВНОСТИ | ДАТУМИ |
|---|---|
| Краен рок за пријавување на апликации (чл. 2) | 17/05/2021 12:00 часот |
| Избор на учесници (чл. 5) | 21/05/2021 - 26/05/2021 |
| Обука за подготовка (чл. 7) | 10 пред поаѓање |
| Пракса во странство | 7 дена помеѓу 14/11/2021 - 20/05/2021 |

## Чл. 11 - ЗЕМЈА НА ДЕСТИНАЦИЈА

Табелата подолу ги прикажува земјите-учесници и дестинациите поврзани со нив за активностите во странство. Координаторот го задржува правото да ја промени странската дестинација според нејзините потреби.

| ЗЕМЈА НА ДЕСТИНАЦИЈА | ГРАД |
| --- | --- |
| Франција | Лион |

Работната програма што ќе ја следат учесниците ќе биде изготвена во соработка со организациите домаќини врз основа на утврдените потреби за обука и очекуваните резултати. Методологијата на курсот ќе вклучува моменти на фронтална обука, групна работа и посети на компании.

## Чл. 12 - ЗАВРШНА ЕВАЛУАЦИЈА

На крајот на мобилноста, кандидатите ќе учествуваат во интеракција за рефлексија и колективна дискусија. Оваа интеракција ќе се искористи за проценка на проектот во неговите аспекти на организација и обука. Покрај тоа, за време на дискусијата, сите учесници ќе бидат информирани во врска со прашалниците за онлајн проценка и евалуација, побарани од проектот.

## Чл. 13 - ОДГОВОРНОСТ

Промоторот во никој случај не се смета за одговорен за какви било договорни или не -договорни одговорности или која било друга одговорност, која може, во секој случај, да произлезе од извршувањето или од неисполнувањето на работите поврзани со овој повик.

## Чл. 14 ЛИСТА НА ОРГАНИЗАЦИИ- УЧЕСНИЦИ

Апликантите треба да се вработени како наставник/стручен кадар/директор во техничките среди стручни училишта за следните струки: Градежништво и

геодезија, Електротехника, Графичарство, Машинство, Сообраќај, транспорт и складирање, Текстил, кожа и слични производи, Хемија и технологија, Шумарство и обработка на дрво во средно училиште/организација за стручно образование и обука меѓу оние наведени тука кои можат да аплицираат за овој повик.

## Чл. 15 ИНФОРМАЦИИ

За било какви појаснувања можете да не контактирате на:
***info@ncdiel.mk***